# ГЛАСИЛО
# GAZETË

Октомври 2023
Tetor 2023



## ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## BNJVL

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT



Почитувани,

Управниот одбор на ЗЕЛС, на почетокот на октомври, ја одржа осумнаесеттата седница на која се дискутираше за повеќе предизвици со кои се соочуваат локалните самоуправи, меѓу кои: недостатокот на финансиски средства што тие ги добиваат со блок дотациите за спроведување на децентрализираните надлежности; недоволната или лоша соработка меѓу локалната и централната власт и потребата за реафирмирање на прашањето за формирање на комунална полиција. ЗЕЛС, во текот на овој месец, до општините го достави Предлог-законот за административни службеници, а потоа, пристигнатите забелешки и предлози ги испрати до Генералниот секретаријат на Владата на РСМ. Најголемиот број од забелешките што стигнаа од општините се однесуваа на членот 69. Во реакциите тие посочуваат дека дел од предложените измени водат кон дискриминирање на вработените во локалната самоуправа, особено за направената разлика во бодовите на административниот службеник во министерство или секретаријат и оние во локалната самоуправа за исто ниво, за исти стручни квалификации и исти работни задачи. Тоа би предизвикало негативни ефекти при спроведувањето на услугите и би се одразило со уште поголемо продлабочување на недостатокот од професионален и стручен кадар, предизвик со кој општините се соочуваат веќе подолг период. Во оваа насока, треба да се има предвид дека и бројот на административни службеници во локалната самоуправа е незначителен (околу 5 000 лица) во однос на вкупниот број на администратвици во земјава. Овој месец, седница одржа и Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините, на која беа усвоени предлог- уредбите за блок дотации за основното и за средното образование за општините, за 2024 година. Со тоа, и следната година општините ќе добиваат средства по досегашната формула, а не по новата предлог-формула, каде што се предвидуваше средствата за образование да се утврдуваат според пресметаните вистински трошоци по ученик .

Заложбите и активностите на ЗЕЛС во поддршката на општините во евроинтегративниот процес беа презентирани на Форумот за локална самоуправа, „Општините и евроинтегративниот процес“ што се одржа во Тирана на средината на октомври. Делегација од ЗЕЛС учествуваше и на меѓународната конференција „CORE Days 2023“ во Котор, каде што за време на конференцијата беа врачени и сертификатите БФЦ СЕЕ. ЗЕЛС, како акредитиран технички секретаријат за нашата земја, е вклучена во Програмата за сертификација на градови и на општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (БФЦ СЕЕ) уште од 2012 година.

Извршните директори на ЗЕЛС и на Шведската асоцијација на локални власти и региони (САЛАР) имаа средба во Стокхолм, во рамките на студиската посета, организирана како дел од активностите на проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“, што во период од четири години се спроведува во нашата земја, во шест општини од Југозападниот и Пелагонискиот Регион, преку САЛАР Интернешенал. Тие разговараа за начинот на организирањето на двете асоцијации, нивната улога и услугите што им ги даваат на своите членки, за организацијата на локалната самоуправа и изворите на финансирање.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Bordi drejtues i BNJVL-së, në fillim të tetorit, mbajti seancën e tetëmbëdhjetë në të cilën u diskutua për më shumë sfida me të cilat ballafaqohen vetëqeverisjet lokale, midis të cilave: mungesa e mjeteve financiare që i marrin me bllok dotacionet për zbatimin e kompetencave të decentralizuara; bashkëpunimi i pamjaftueshëm dhe i keq midis pushtetit qendror dhe atij lokal dhe nevoja për riafirmimin e çështjes për formimin e policisë komunale. BNJVL gjatë këtij muaji te komunat parashtroi Propozim-Ligjin për nëpunësit administrativ, ndërsa pastaj vërejtjet e arritura dhe propozimet i dërgoi në Sekretariatin Gjeneral të Qeverisë së RMV-së. Numri më i madh i vërejtjeve që arritën nga komunat u referoheshin nenit 69. Në reagimet ata përmendën se një pjesë e ndryshimeve të propozuara çojnë drejt diskriminimit të të punësuarve në vetëqeverisjen lokale, veçanërisht për ndryshimin e bërë në pikët e nëpunësve administrativ në ministri ose sekretariat dhe ato në vetëqeverisjen lokale për të njëjtin nivel, për të njëjtat kualifikime profesionale dhe të njëjtat detyra të punës. Kjo do të shkaktojnë efekte negative gjatë zbatimit të shërbimeve dhe do të shprehej me thellësim akoma më të madh të mungesës së kuadrit profesional, sfidë me të cilën komunat ballafaqohen tashmë një periudhë më të gjatë. Në këtë drejtim, duhet të merret parasysh se edhe numri i nëpunësve administrativ në vetëqeverisjen lokale është i parëndësishëm (rreth 5000 persona) në raport me numrin total të nëpunësve administrativ në vend. Komisioni për monitorimin e zhvillimit të sistemit të financimit komunal ka mbajtur këtë muaj seancë në të cilën është miratuar propozimi për bllok-dotacione për arsimin fillor dhe të mesëm për komunat, për vitin 2024. Në këtë mënyrë, vitin e ardhshëm komunat do të marrin mjete sipas formulës së mëparshme, e jo sipas formulës së re të propozuar, ku parashikohej që mjetet për arsim të përcaktoheshin sipas shpenzimeve faktike të kalkuluara për nxënës. .

Përpjekjet dhe aktivitetet e BNJVL-së në përkrahjen e komunave në procesin për eurointegrime u prezantuan në Forumin e vetëqeverisjes lokale „Komunat dhe procesi për eurointegrime” që u mbajt në Tiranë në mesin e tetorit. Delegacion nga BNJVL morri pjesë edhe në konferencën ndërkombëtare „CORE Days 2023“ në Kotor, ku gjatë konferencës u dorëzuan certifikatat BFC SEE. BNJVL si sekretariat i akredituar i vendit tonë, është përfshirë në Programin për certifikim të qyteteve dhe komunave me ambient të favorshëm për biznes në Evropën Juglindore (BFC SEE) që nga viti 2012.

Drejtori ekzekutiv i BNJVL-së dhe Drejtori i asociacionit të pushteteve lokale dhe rajonale të Suedisë (SALAR) patën takim në Stokholm, në kuadër të vizitës studimore, të organizuar si pjesë e aktiviteteve të projektit „Menaxhim i qëndrueshëm me mbeturinat në nivel lokal”, që në periudhë prej katër vitesh zbatohet në vendin tonë, në gjashtë komuna nga Rajoni Jugperëndimor dhe Rajoni i Pollogut, përmes SALAR International. Të lartpërmendurit diskutuan mbi mënyrën e organizimit të të dyja asociacioneve, rolin e tyre dhe shërbimet që u'a ofrojnë anëtareve të tyre, për organizimin e vetëqeverisjes lokale dhe burimet e financimit.

Me respekt,

Dushica Perishiq,
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së

**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Арта Абази
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка и печатење:** Европа 92

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „ Kopenhagenska” nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Arta Abazi
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje shtyp:** Evropa 92

## УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС ЈА ОДРЖА 18-ТАТА СЕДНИЦА

Недостатокот на финансиски средства што општините ги добиваат со блок дотациите за децентрализираните надлежности, недоволната или лоша соработка меѓу локалната и централната власт и потребата за реафирмирање на прашањето за формирање на комунална полиција беа дел од темите на кои се дискутираше на осумнаесеттата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, што се одржа на 4 октомври 2023 година, во административната зграда на Заедницата.

**Со ребалансот на буџетот, вкупно 60 милиони денари ќе бидат дополнети во наменската дотација за противпожарните единици - информираше претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, од средбата со министерот за финансии**

На почетокот на седницата, претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, ги информираше присутните за успешните разговори со градоначалниците на општините Велес и Штип и министерот за финансии, а кои беа поврзани со барањето на ЗЕЛС испратено до пратеничките групи и до претседателот на Собранието на РСМ. Станува збор за потребата од усогласување на наменските дотации за противпожарните служби, во рамките на претстојниот ребаланс на буџетот на државата. На средбата, министерот за финансии гарантираше дека со ребалансот на буџетот ќе бидат префрлени дополнителни 60 милиони денари во наменските дотации за оваа надлежност и дека ќе се погрижи да се обезбедат и дополнителни согласности за вработувањата на пожарникарите. Исто така, присутните беа информирани дека од 1 јануари 2024 година, во согласност со измените на Законот за буџети, општините нема да бидат обврзани да бараат согласности за нови вработувања за децентрализираните надлежности.

Како што беше нагласено и во Барањето на ЗЕЛС, испратено до Собранието на РСМ, присутните ги нагласија алармантните состојби во противпожарните единици, кои располагаат со застарен возен парк, недоволна опрема и каде без претходна анализа, несоодветно се распределуваат и оние малку средства обезбедени за набавка на нова опрема. Особено беше нагласен долгогодишниот предизвик на општините што имаат територијална противпожарна единица, а кои ги плаќаат платите и на нововработените пожарникари од сопствениот буџет (поради одење во пензија, смрт, потреба од законско усогласување на бројот на пожарникари според бројот на жителите и друго,) токму поради тоа што Министерството за финансии повеќе години наназад не даваше согласност за новите вработувања. Со најновото покачување на платите на администрацијата (со одлука на Владата на РСМ за 10 %), општините се соочуваат покачувањето да го плаќаат повторно од општинскиот буџет.

Присутните потоа развија дискусија за потребата од целосен, адекватен пристап за решавање на прашањето на противпожарната заштита во земјата, особено околу нејзиното финансирање. Всушност, Генералното собрание уште пред неколку месеци изгласа мерки за преземање на натамошни активности на ЗЕЛС за разрешување на овој предизвик на општините. Управниот одбор на ЗЕЛС на оваа седница донесе заклучок да се испрати ново писмо до Владата на РСМ и да

## BORDI DREJTUES I BNJVL-SË MBAJTI SEANCËN E 18-TË

Mungesa e mjeteve financiare që marrin komunat me bllok dotacionet për kompetencat e decentralizuara, bashkëpunimi i pamjaftueshëm apo i dobët ndërmjet pushtetit lokal dhe atij qendror dhe nevoja për të riafirmuar çështjen e krijimit të policisë komunale ishin disa nga temat e diskutuara në seancën e tetëmbëdhjetë të Bordit Drejtues të BNJVL-së, e cila u mbajt më 4 tetor 2023, në ndërtesën administrative të Bashkësisë.

**Me ribalancimin e buxhetit do të shtohen gjithsej 60 milionë denarë në dotacionin e dedikuar për njësitë zjarrfikëse - informoi kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski nga takimi me Ministrin e Financave**

Në fillim të seancës, kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, informoi të pranishmit për bisedat e suksesshme që ai, së bashku me kryetarët e komunave të Velesit dhe Shtipit, i kanë pasur me Ministrin e Financave, të cilat kishin të bëjnë me kërkesën e BNJVL-së të dërguar grupeve parlamentare dhe kryetarit të Kuvendit të RMV-së. Bëhet fjalë për nevojën e harmonizimit të dotacioneve të dedikuara për shërbimet e zjarrfikësve, në kuadër të ribalancimit të ardhshëm të buxhetit të shtetit. Ministri i Financave në takim garantoi se me ribalancimin e buxhetit do të transferohen 60 milionë denarë shtesë në dotacionet e dedikuara për këtë kompetencë dhe se do të angazhohet që të sigurohen pëlqimet shtesë për punësimet e zjarrfikësve. Njëkohësisht, të pranishmit u informuan se nga 1 janari 2024, në përputhje me ndryshimet në Ligjin për buxhete, komunat nuk do të jenë të obliguara të kërkojnë pëlqime për punësime të reja për kompetencat e decentralizuara.

Siç u theksua në Kërkesën e BNJVL-së dërguar Kuvendit të RMV-së, të pranishmit e theksuan gjendjet alarmante në njësitë e zjarrfikësve, të cilat kanë në dispozicion një park të vjetërsuar automjetesh, pajisje të pamjaftueshme dhe ku pa analiza paraprake transferohen në mënyrë joadekuate edhe ato mjete të pakta që janë të siguruara për blerjen e pajisjeve të reja. Veçanërisht u theksua sfida shumëvjeçare e komunave që kanë njësi zjarrfikëse territoriale, të cilat paguajnë pagat e zjarrfikësve të sapopunësuar nga buxheti i tyre (për shkak të daljes në pension, vdekjes, nevojës për harmonizimin ligjor të numrit të zjarrfikësve sipas numrit të banorëve etj.) pikërisht për shkak se Ministria e Financave nuk jepte pëlqim për punësime të reja më shumë vite. Me rritjen e fundit të pagave të administratës (me vendim të Qeverisë së RMV për 10%), komunat u gjetën në situatë që rritjen e pagave të paguajnë sërish me mjete të buxhetit komunal.

Më pas, të pranishmit kishin diskutim për një qasje të tërësishme, adekuate për zgjidhjen e çështjes së mbrojtjes zjarrfikëse në vend, veçanërisht në pjesën e financimit të saj. Në fakt, Kuvendi Gjeneral disa muaj më parë votoi masat për ndërmarrjen e mëtejshme të aktiviteteve të BNJVL-së në zgjidhjen e kësaj sfide të komunave. Bordi Drejtues i BNJVL-së në këtë seancë mori përfundim që të dërgohet një letër të re në Qeveria e RMV-së dhe të informohet edhe një herë



се информира уште еднаш за состојбите во оваа област. Притоа, да се испратат и резултатите од анализата што ја направи ЗЕЛС со која се потврдуваат огромните трошоци што ги прават општините за оваа намена од сопствените буџети. Беше нагласено дека во писмото Владата треба да се информира и за состојбите и со останатите надлежности за кои, исто така, има недостаток на средства во блок дотациите. Доколку Владата и понатаму не реагира на укажувањата на ЗЕЛС, Управниот одбор ќе ги реализира мерките донесени од Генералното собрание, меѓу кои е и јавно изразување на незадоволството на општинските противпожарни единици.

## Многу ниско ниво на соработка на централната со локалната власт

Членовите на Управниот одбор, на оваа седница, нагласија дека соработката на централната и локалната власт е на многу ниско ниво и дека тоа не било случај во изминатиот период. Беше истакнато дека ЗЕЛС има упатено бројни предлози до Владата за разрешување на одредени алармантни состојби или организирање на заеднички средби, но сепак не е постигнат конструктивен дијалог. Притоа, како потврда беше посочено дека Владата досега не најде ни простор ни време дури и за протоколарното потпишување на заемно усогласениот нов Меморандум за соработка меѓу ЗЕЛС и Владата. Беше посочено дека оваа година не се почитуваат ниту законските одредби според кои Владата не смее да ги усвојува методологиите за распределба на блок дотациите за следната година, без претходно да добие согласност од Комисијата за следење на системот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

На седницата се отвори и дискусија за доцнењето на префрлањето на минималните средства за реализација на проекти, за кои општините конкурирале во областа на рамномерниот регионален развој. Притоа, беше посочено дека на тој начин, како намерно да се одолговлекува спроведувањето на оперативниот дел на овие проекти, со цел да се прикажат општините како неуспешни. Беше нагласено дека не е утврдена никаква методологија за распределба на овие средства. Како предлог беше посочено дека и овие средства треба да им се распределат соодветно на сите општини, бидејќи и онака се минимални, односно недоволни за некои посериозни зафати во општините.

për gjendjet në këtë fushë. Njëkohësisht duhet të dërgohen edhe rezultatet e analizës që ka bërë BNJVL-ja, me të cilën konfirmohen shpenzimet e mëdha të komunave për këtë qëllim nga buxhetet e tyre. Njëkohësisht u theksua sene letrën e qeverisë duhet të informohet edhe për gjendjet e kompetencave të tjera, për të cilat gjithashtu ka mungesë mjetesh në bllok dotacionet. Nëse Qeveria vazhdon të mos reagojë ndaj sugjerimeve të BNJVL-së, Bordi Drejtues do të zbatojë masat e miratuara nga Kuvendi Gjeneral, ndër të cilat është shprehja publike e pakënaqësisë nga ana e njësive komunale të zjarrfikësve.

## Nivel shumë i ulët i bashkëpunimit ndërmjet pushtetit qendror dhe atij lokal

Anëtarët e Bordit drejtues në këtë seancë theksuan se bashkëpunimi i pushtetit qendror dhe atij lokal është në nivel shumë të ulët dhe se nuk ka qenë kështu në periudhën e kaluar. U theksua se BNJVL-ja ka dërguar propozime të shumta në Qeveri për zgjidhjen e situatave të caktuara alarmante ose organizimin e takimeve të përbashkëta, por ende nuk është arritur dialog konstruktiv. Në të njëjtën kohë, si konfirmim u theksua se Qeveria deri më tani nuk ka gjetur hapësirë e as kohë as për nënshkrimin protokollar të Memorandumit të ri për bashkëpunim të harmonizuar reciprokisht ndërmjet BNJVL-së dhe Qeverisë. U theksua se edhe këtë vit nuk respektohen dispozitat ligjore, sipas të cilave Qeveria nuk guxon të miratojë metodologjitë për shpërndarjen e bllok dotacioneve për vitin e ardhshëm, pa marrë pëlqimin paraprak nga Komisioni për ndjekjen e sistemit të financimit të njësive të vetëqeverisjes lokale.

Në seancë u hap edhe diskutimi për vonesën e transferimit të mjeteve minimale për realizimin e projekteve, për të cilat komunat aplikuan në pjesën e zhvillimit të balancuar rajonal. Njëkohësisht u theksua se në këtë mënyrë sikur qëllimisht të vonohet zbatimi i pjesës operative të këtyre projekteve me qëllim që të tregohen komunat si të pasuksesshme. U theksua se nuk është përcaktuar asnjëfarë metodologjie për shpërndarjen e këtyre mjeteve. Si propozim u theksua se edhe këto mjete duhet t'u shpërndahen në mënyrë adekuate të gjitha komunave, pasi që janë minimale, përkatësisht të pamjaftueshme për disa aktivitete më serioze nëpër komuna.

## Реафирмирање на барањето за воведување комунална полиција на локално ниво

Пред присутните беа изнесени и предлог-измените на Законот за безбедност во сообраќајот, кои произлегоа од извршената анализа изготвена од проект на Светската банка, околу состојбата на безбедноста во сообраќајот. Согласно со постојниот Закон, Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот треба да ја финансира работата на локалните совети, меѓутоа, во праксата, тоа не функционира поради малите ресурси со кои располага ова тело. Во општините каде што има локален совет за безбедност во сообраќајот, работата на советот се финансира од општинскиот буџет. Сепак, ова финансирање е недоволно за спроведување на посериозни мерки и активности. Од друга страна, има општини кои со многу скромни средства обезбедуваат континуитет во работата на општинскиот совет за безбедност во сообраќајот. Недостасува финансирање и рамноправна распределба на ресурси на локално ниво. Беше заклучено Предлог-измените на Законот за безбедност во сообраќајот да се достават до сите општини со цел, стручната администрација да даде соодветни забелешки во рок од седум дена, кои потоа ќе бидат сублимирани и разгледани од ЗЕЛС. Во таа насока се отвори дискусија за предизвиците што општините ги имаат со претставниците од Министерството за внатрешни работи во однос на бројните активности што локалните власти сакаат да ги преземат заради подобрување на безбедноста во сообраќајот на одредени локации, а беше посочено дека сè почесто е нагласена лошата соработка на полициските командири со локалната власт. Тоа предизвика реакции кај членовите на Управниот одбор за потребата од реактивирање на повеќегодишното барање на ЗЕЛС за формирање на комунална полиција. Беше предложено Предлог-законот за комунална полиција, што пред неколку години го изработи Градот Скопје, да биде доставен до сите единици на локалната самоуправа, со цел негово соодветно разгледување и дополнување, по што дефинираниот Предлог-закон би се доставил до Владата на РСМ.

Присутните разгледаа и две иницијативи доставени до ЗЕЛС. Едната се однесува на барањето за поддршка од општините за заедничко организирање на „Генералка викенд 2024“, насочена кон собирање на расфрланиот смет од страна на сите граѓани, по што за собрани 10 килограми смет ќе се засади по едно ново дрво на територијата на таа општина. Втората иницијатива стигна од Транспортната заедница (Transport Community) – Заложба за позелена иднина, поддржана од Европската Унија, за потпишување на Декларација за возење велосипед како одржлив начин на транспорт. Управниот одбор ги поддржа двете иницијативи и донесе заклучок тие да се достават до сите општини со препорака за нивно прифаќање и натамошна поединечна соработка со иницијаторите.

## Riafirmimi i kërkesës për të përfshirë policinë komunale në nivel lokal

Para të pranishmëve u prezantuan edhe ndryshimet e propozuara në Ligjin për siguri në komunikacion, të cilat rezultuan nga analiza e kryer, e përgatitur nga një projekt i Bankës Botërore, lidhur me gjendjen e sigurisë në komunikacion. Sipas ligjit ekzistues, Këshilli Republikan për Siguri në Komunikacion duhet të financojë punën e këshillave lokale, por në praktikë kjo nuk funksionon për shkak të resurseve të vogla që i ka në dispozicion ky organ. Në komunat ku ka këshill lokal për siguri në komunikacion, puna e këshillit financohet nga buxheti komunal. Megjithatë, ky financim është i pamjaftueshëm për të zbatuar masa dhe aktivitete më serioze. Në anën tjetër, ka komuna që me mjete shumë modeste sigurojnë vazhdimësi në punën e këshillit komunal për siguri në komunikacion. Mungon financimi dhe shpërndarja të barabartë të resurseve në nivel lokal. U konstatua se propozimi për ndryshime në Ligjin për sigurinë në komunikacion duhet të dërgohet në të gjitha komunat në mënyrë që administrata profesionale të japë vërejtjet e duhura brenda shtatë ditëve, të cilat pastaj do të sublimohen dhe do të shqyrtohen nga ana e BNJVL-së. Në këtë drejtim u hap diskutimi për sfidat që kanë komunat me përfaqësuesit e MPB-së në lidhje me aktivitetet e shumta që autoritetet lokale dëshirojnë t'i ndërmarrin për të përmirësuar sigurinë në komunikacion në lokacione të caktuara dhe u theksua se bashkëpunimi i keq i komandantëve të policisë me pushtetin lokal theksohet gjithnjë e më shpeshtë. Ajo gjë shkaktoi reagime te anëtarët e Bordit Drejtues për nevojën e riaktivizimit të kërkesës shumëvjeçare të BNJVL-së për formimin e policisë komunale. U sugjerua që Propozim-ligji për policinë komunale, të cilin e ka përgatitur Qyteti i Shkupit para disa vitesh, t'u dërgohet të gjitha njësive të vetëqeverisjes lokale, me qëllim që të shqyrtohet dhe plotësohet në mënyrë të duhur, me ç'rast Projektligji do të dërgohej në Qeverinë e RMV-së.

Të pranishmit shqyrtuan dy iniciativa të dorëzuara në BNJVL. Njëra i referohet një kërkese për mbështetje nga komunat për organizimin e përbashkët të "Pastrim të fundjavës 2024", që synon grumbullimin e mbeturinave të shpërndara nga të gjithë qytetarët, pas së cilës do të mbillet nga një dru i ri në territorin e asaj komune për çdo 10 kilogramë të mbeturinave të grumbulluara. Iniciativa e dytë erdhi nga Transport Community – përpjekje për një të ardhme më të gjelbër, i mbështetur nga Bashkimi Evropian, për të nënshkruar Deklaratën për çiklizmin si një mënyrë e qëndrueshme transporti. Bordi Drejtues i mbështeti të dyja iniciativat dhe mori përfundim se ato duhet t'u dorëzohen të gjitha komunave me rekomandim për pranimin e tyre dhe bashkëpunimin e mëtejshëm individual me iniciatorët.





## ПАМЕТНИ ГРАДОВИ И СТРУКТУРИРАН РЕГИОНАЛЕН ДИЈАЛОГ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНА АГЕНДА НА ЛОКАЛНО НИВО

Првиот форум на локални самоуправи: „Отклучување на иднината: иновации, екоподигање и издигнување - Западен Балкан се обедини за паметни градови" се одржа во Тирана (Република Албанија), на 12 октомври 2023 година. Форумот беше организиран во пресрет на Самитот на Берлинскиот процес закажан за 16 октомври 2023 година во Тирана, а претставува продолжување на засилените дискусии за забрзана интеграција во ЕУ, како и структуриран регионален дијалог со локалните самоуправи за Зелената агенда за Западен Балкан. Првиот форум на локални самоуправи беше организиран од Регионалниот совет за соработка (РСС) заедно со Општина Тирана и Мрежата на асоцијации на локални власти на Југоисточна Европа (НАЛАС).

Од Форумот беше испратена пораката дека во справувањето со итни еколошки прашања, меѓу кои: загадувањето на воздухот, управувањето со отпадот и влијанијата на климатските промени, главните субјекти кои треба да преземаат активности за нивно надминување се градовите и општините. Во таа насока, справувањето со овие прашања бара суштински промени во урбаната инфраструктура, транспортните системи и изворите на енергија, кои можат да бидат доста сложени и кои бараат обезбедување на огромни финансиски средства. Затоа, императив е градовите и регионите да бидат поддржани во забрзувањето на нивната транзиција кон еколошки и дигитално напредни урбани средини. Овој дијалог за засилување на колективните напори бара иновации, екоподигање и издигнување. Соработката помеѓу локалната и централната власт, ангажманот со граѓанското општество и приватниот сектор и талентираната претприемачка младина може да донесе разновидна експертиза и ресурси и да помогне овој регион да премине кон позелена и дигитална иднина.

**На панелот посветен на зелената трансформација на градовите, презентиран проектот на Град Скопје**

Пред присутните, со пораки за структурирана акција за спроведување на Зелената агенда на локално ниво, се обрати генералната секретарка на РСС, Мајлинда Брегу. Воведно обраќање имаше Арбјан Мазнику, министер за локална самоуправа на Албанија, потоа говореа: Луици Сореца, амбасадор на ЕУ во Албанија, Мехмет Ергун Туран, претседател на НАЛАС и градоначалник на Фатих, Истанбул и Матие Мори, генерален секретар на Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа. Учесниците имаа можност да бидат дел од панелот посветен на зелената трансформација на градовите низ Западен Балкан каде, градоначалничката на Град Скопје, Данела Арсовска, го презентираше проектот што ќе се имплементира во нашиот град. За своите активности во насока на обезбедување на паметни градови, говореа и Ерион Велиај, градоначалникот на Тирана; Перпарим Рама, градоначалник на Приштина; Самир Авдиќ, заменик-градоначалник на Сараево и Лука Ракчевиќ, заменик-градоначалник на Подгорица.

Дел од програмата на Форумот вклучуваше и презентација на најдобрите примери на ЕУ, како и дигитални решенија кои можат да имаат конкретно влијание кон почисти и попаметни урбани средини. Дигиталните решенија се обезбедени во рамките на водечката иницијатива на *RCC, Balkathon*, годишен натпревар за најдобро регионално дигитално решение, кој се одржува од 2020 година.

## QYTETET E MENÇURA DHE DIALOGU I STRUKTURUAR RAJONAL PËR ZBATIMIN E AGJENDËS SË GJELBËR NË NIVEL LOKAL

Forumi i parë i vetëqeverisjeve lokale: Zhbllokim i së ardhmes: inovacione, eko-zhvillim dhe avancim – Ballkani Perëndimor u bashkua për qytete të mençura" u mbajt në Tiranë (Republika e Shqipërisë) më 12 tetor, 2023. Ky forum u organizua në prag të Samitit të Procesit të Berlinit që do të mbahet më 16 tetor 2023 në Tiranë dhe përfaqëson një vazhdimësi të diskutimeve të intensifikuara për integrimin e përshpejtuar në BE, si dhe një dialog të strukturuar rajonal me vetëqeverisjet lokale për Agjendën e Gjelbër për Ballkanin Perëndimor. Forumin e parë të vetëqeverisjeve lokale e organizoi Këshilli rajonal për bashkëpunim (RCC) së bashku me Bashkinë e Tiranës dhe Rrjetin e asociacioneve të pushteteve lokale të Evropës Juglindore (NALAS).

Forumi dërgoi mesazhin se në trajtimin e çështjeve urgjente ose ekologjike, përfshirë: ndotjen e ajrit, menaxhimin e mbeturinave dhe ndikimet e ndryshimeve klimatike, qytetet dhe komunat janë subjektet kryesore që duhet të ndërmarrin aktivitete për tejkalimin e tyre. Në këtë drejtim, trajtimi i këtyre çështjeve kërkon ndryshime thelbësore në infrastrukturën urbane, sistemet e transportit dhe burimet e energjisë, të cilat mund të jenë mjaft komplekse dhe kërkojnë sigurimin e mjeteve të mëdha financiare. Prandaj, është e domosdoshme që qytetet dhe rajonet të mbështeten në përshpejtimin e tranzicionit të tyre drejt mjediseve urbane ekologjike dhe digjitale të avancuara. Ky dialog për përforcimin e përpjekjeve kolektive kërkon inovacione, eko-zhvillim dhe avancim. Bashkëpunimi midis pushtetit lokal dhe atij qendror, angazhimi me shoqërinë civile dhe sektorin privat dhe rininë tonë të talentuar sipërmarrëse, mund të sjellë ekspertizë dhe burime të ndryshme në tryezë, dhe të ndihmojë rajonin tonë të kalojë drejt një të ardhmeje më të gjelbër dhe digjitale.

**Në panelin e dedikuar për transformimin e qyteteve, u prezantua projekti i Qytetit të Shkupit**

Para të pranishmëve, me porosi për aksionin e strukturuar për zbatimin e Agjendës së Gjelbër në nivel lokal u drejtua sekretarja e RSS-së, Majlinda Bregu. Fjalën e hapjes e mbajtën Arbjan Mazniku, Ministër për pushtetin lokal të Shqipërisë, Luigji Soreka, Ambasadori i BE-së në Shqipëri, Mehmet Ergyn Turan, Kryetar i NALAS dhe Kryetar i Bashkisë Fatih, Stamboll, si dhe Mathju Mori, Sekretar i Përgjithshëm i Kongresit të Pushteteve Lokale dhe Rajonale të Këshillit të Evropës. Pjesëmarrësit patën mundësi të jenë pjesë e panelit kushtuar transformimit të gjelbër të qyteteve në Ballkanin Perëndimor, ku kryetarja e Qytetit të Shkupit, Danella Arsovska, prezantoi projektin që do të implementohet në qytetin tonë. Lidhur me aktivitet në drejtim të sigurimit të qyteteve të mençura, diskutuan Erion Veliaj, kryetari i Qytetit të Tiranës; Përparim Rama, Kryetar i komunës së Prishtinës, Samir Avdiq, Nënkryetar i komunës së Sarajevës dhe Luka Rakçeviq, nënkryetar i komunës së Podgoricës.

Pjesë e programit të Forumit janë edhe prezantimet e praktikave më të mira të BE-së, si dhe zgjidhjet digjitale që mund të kenë ndikim konkret drejt mjediseve urbane më të pastra dhe më të mençura. Zgjidhjet digjitale janë nxitur në kuadër të nismës së RCC-së, Balkathon, gara vjetore për zgjidhjen digjitale më të mirë rajonale, që mbahet që nga viti 2020.

## НА ФОРУМОТ „ОПШТИНИТЕ И ЕВРОИНТЕГРАТИВНИОТ ПРОЦЕС“ - СПОДЕЛЕНИ ИСКУСТВАТА ОД НАШАТА ЗЕМЈА ПРЕД АЛБАНСКИТЕ ОПШТИНИ

„Општините и евроинтегративниот процес“ беше тема на отворената дискусија на Форумот за локална самоуправа, што се одржа во Тирана, на 13 октомври 2023 година, во организација на НАЛАС и проектот ЕУ за општините, во Албанија. Пред голем број градоначалници од Албанија и претставници од централната власт на оваа земја, пред претставници на Делегацијата на Европската Унија и на Мрежата на здруженија на власти од Југоисточна Европа, беа презентирани добри примери и искуства за интегрирањето на земјата во ЕУ и улогата на општините во тој процес. Подетално се говореше и за структурната улога на општините и нивните асоцијации во процесот на членство во ЕУ, како и поддршката на ЕУ за општините преку финансирање на важни развојни проекти.

На форумот учествуваше заменик-директорката на ЗЕЛС, Ардита Дема Мехмети, која говореше за заложбите и активностите на ЗЕЛС во поддршката на општините во евроинтегративниот процес. Таа нагласи дека ЗЕЛС има голема улога во навремено информирање на своите членки за активностите на Европската Унија и за сите проекти што обезбедуваат финансиска поддршка, а кои произлегуваат од претпристапната помош за земјата во процесот на нејзиното интегрирање во ЕУ. Од особено значење е поддршката што им ја дава ЗЕЛС на своите членки во градењето соодветни административни капацитети, преку реализација на низа обуки за изработка на квалитетни проекти. Мехмети посочи дека, за разлика од Албанија, каде што сега постепено се пристапува кон решавање на предизвикот со кофинансирањето и со управувањето на проектите, во нашата земја, особено во областа на ИПА-програмата за проектите од компонентата за прекугранична соработка, општините добиваат финансиска поддршка од 15 % кофинансирање, што се обезбедува преку Владата на РСМ, односно преку Министерството за локална самоуправа. Тоа е од големо значење за општините, ако се има предвид ниското ниво на фискална децентрализација, односно слабата финансиска самостојност на општините. Заменик-директорката Мехмети ја претстави и иницијативата што ЗЕЛС ѝ ја понуди на Владата на РСМ уште пред повеќе од 10 години, за отворање банка на општините, како можност да се покрие недостатокот со средства со поволни кредитни линии. На ова претходеше и детална студија изготвена од Економскиот факултет, но овој проект не доби одобрување од Министерството за финансии. Основната идеја беше токму обезбедувањето финан-

## NË FORUMIN ,,KOMUNAT DHE PROCESI EUROINTEGRUES“ - U SHKËMBYEN PËRVOJAT E KOMUNAVE NGA VENDI JONË PARA KOMUNAVE TË SHQIPËRISË

,,Komunat dhe procesi euro-integrues“ ishte temë e diskutimit të hapur të Forumit për vetëqeverisje lokale që u mbajt në Tiranë, më 13 tetor, 2023, në organizim të NALAS dhe projektit të BE-së për komunat në Shqipëri. Para një numri të madh kryetarësh nga Shqipëria dhe përfaqësues të pushtetit qendror të këtij vendi, para përfaqësuesve të Delegacionit të Bashkimit Evropian dhe të Rrjetit të asociacioneve të pushteteve lokale Evropës Juglindore u prezantuan praktika e mira dhe përvojat për integrimin e vendit në BE dhe roli i komunave në këtë proces. Më detajisht u fol edhe për rolin e strukturës të komunave dhe asociacioneve të tyre në procesin e anëtarësimit në BE, si dhe përkrahjen e BE-së për komunat përmes financimit të projekte të rëndësishme zhvillimore.

Në forum morri pjesë zëvendësdrejtoresha e BNJVL-së, Ardita Dema Mehmeti, e cila foli mbi përpjekjet dhe aktivitetet e BNJVL-së në përkrahjen e komunave në procesin euro-integrues. Ajo theksoi se BNJVL ka një rol thelbësor në informimin në kohë të anëtareve të saj lidhur me aktivitet e Bashkimit Evropian dhe lidhur me të gjitha projektit që sigurojnë përkrahje financiare, ndërsa rrjedhin nga ndihmesa para-aderuese për vendet në procesin e integrimit të saj në BE. Me rëndësi të veçantë është përkrahja që BNJVL u’a jep anëtareve të saj në sferën e ndërtimit të kapaciteteve të duhura administrative, përmes realizimit të një sërë trajnimesh për zhvillimin e projekteve cilësore. Mehmeti theksoi se ndryshe nga Shqipëria, ku sfida e bashkëfinancimit dhe menaxhimit të projekteve tashmë po afrohet gradualisht, në vendin tonë, veçanërisht në pjesën e programit IPA për projektet nga komponenti i bashkëpunimit ndërkufitar, komunat marrin mbështetje financiare nga 15% bashkëfinancim i siguruar përmes Qeverisë së RMV, gjegjësisht përmes Ministrisë për vetëqeverisje lokale. Kjo përmban një rëndësi të veçantë për komunat, nëse merret parasysh niveli i ulët i decentralizimit fiskal, pra pavarësia e dobët financiare e komunave. Zëvendësdrejtori, Mehmeti, prezantoi edhe iniciativën që BNJVL i’a ofroi Qeverisë së RMV-së para më shumë se 10 viteve, për hapjen e Bankës së Komunave, si mundësi për mbulimin e mungesës me mjete me linja kreditore të favorshme, për të cilën është përpiluar një studim i detajuar të përgatitur nga Fakulteti Ekonomik, por ky projekt nuk është miratuar nga Ministria për financa. Ideja kryesore ishte pikërisht sigurimi i përkrahjes financiare të komunave edhe në pjesën e





сиска поддршка за општините и реализација на проектите од европските и од другите фондови. Искуства и добри примери пред албанските градоначалници, особено за искористувањето на европските фондови, изнесоа и претставниците на асоцијациите на општините од Црна Гора, Хрватска и Косово.

**Асоцијациите на локалните самоуправи на земјите од Југоисточна Европа играат важна улога во поддршката на локалните самоуправи за обезбедување поквалитетни услуги со европски стандард**

Од овој форум произлегоа и повеќе препораки, меѓу кои: Асоцијациите на локалните самоуправи на земјите од Југоисточна Европа играат важна улога во поддршката на локалните власти за обезбедување на поквалитетни услуги и обезбедување на европски стандарди, преку интегрирање на земјите во Европската Унија. За надминување на предизвиците со недостаток на квалитетни административни капацитети за испорака на проекти од претпристапната помош, асоцијациите активно да се вклучат, особено преку испорака на квалитетни обуки за своите членки и други иновативни форми на поддршка, за што поголемо искористување на средствата од европските фондови. Исто така, и да се организираат повеќе средби за размена на искуства и да се потенцира вмрежувањето на општините од регионот за воспоставување на соработка и заедничко аплицирање и искористување на европските финансиски средства.

realizimit të projekteve nga fondet evropiane dhe fonde tjera. Përvojat dhe praktikat e mira para kryetarëve të komunave të Shqipërisë, veçanërisht në shfrytëzimin e fondeve evropiane dhe i prezantuan përfaqësuesit e asociacioneve të komunave nga Mali i Zi, Kroacia dhe Kosova.

**Asociacionet e vetëqeverisjes lokale në vendet nga Evropa Juglindore luajnë rol të rëndësishëm në përkrahjen e vetëqeverisjeve lokale për sigurimin e shërbimeve më cilësore me standardin evropian**

Nga ky Forum dolën disa rekomandime, ndër të cilat: Asociacionet e vetëqeverisjeve lokale të vendeve të Evropës Juglindore luajnë një rol të rëndësishëm në mbështetjen e pushteteve lokale për të ofruar shërbime më cilësore dhe për të siguruar standarde evropiane, përmes integrimit të vendeve në Bashkimin Evropian. Për të tejkaluar sfidat me mungesën e kapaciteteve administrative cilësore për realizimin e projekteve nga ndihma e para-anëtarësimit, shoqatat duhet të përfshihen në mënyrë aktive, veçanërisht përmes ofrimit të trajnimeve cilësore për anëtarët e tyre dhe formave të tjera inovative të mbështetjes, shfrytëzimi më i madh i fondeve nga fondet evropiane. Si dhe të organizojnë më shumë takime për shkëmbimin e përvojave dhe të potencohet rrjetëzimi i komunave nga rajoni në themelimin e bashkëpunimit dhe aplikimit të ndërsjellë dhe shfrytëzimi i mjeteve financiare evropiane.

## СОВЕТНИЦИТЕ И АДМИНИСТРАЦИЈАТА ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

## KËSHILLTARËT DHE ADMINISTRATA NË KOMUNËN E PROBISHTIPIT TË INTERESUAR PËR THELLËSIMIN E DITURIVE PËR BARAZI GJINORE

Општинските советници, како и раководителите на сектори и одделенија од Општина Пробиштип, упатија барање до ЗЕЛС за организирање на дополнителна обука за родова еднаквост, со цел продлабочување на основните знаења од оваа област што ги добија минатата година, со реализираната основна обука за родова еднаквост. Обуката беше одржана на 10 октомври 2023 година, во рамките на Општината, а присутните беа запознаени со темите: Родови концепти; Родово сензитивен јазик и Интегрирање на родовата перспектива во локалните политики. Се говореше како се формираат родовите улоги, за родовите стереотипи и предрасуди и начинот и мерките за нивно надминување. Се дискутираше за статистичките податоци во публикација-

Këshilltarët komunalë, si dhe udhëheqësit e sektorëve dhe seksioneve nga Komuna e Probishtipit, dërguan kërkesë në BNJVL për organizimin e trajnimit plotësues për barazi gjinore, me qëllim thellësimin e diturive nga kjo lëmi, që e fituan vitin e kaluar, me realizimin e trajnimit fillestar për barazi gjinore. trajnimi i mbajt më 10 tetor 2023 në komunë, ndërsa të pranishmit u informuan me temat: Konceptet gjinore; Gjuha sensitive gjinore dhe Integrimi i perspektivës gjinore në politikat lokale. U diskutua në ç'mënyrë formohen rolet gjinore dhe me çfarë stereotipa ose paragjykime ballafaqohemi në jetën e përditshme dhe cilat masa dhe aktivitete mund të zbatohen për tejkalimin e këtyre stereotipave. Gjithashtu u potencuan të dhënat statistikore






та „Жените и мажите во Северна Македониј “ од 2023 година, во издание на Државниот завод за статистика, кои се многу корисни и за општините, при анализирањето на родово разделените податоци. Од нив, општината може да ги согледа родовите состојби во одредени области и потоа да креира политики засновани на релевантни податоци. Во публикацијата се претставени податоци по пол за бројот на деца во основното образование; потоа за децата што се запишале во средно образование и колку од нив го завршиле овој степен на образование; за запишани момчиња и девојчиња на техничките науки, и за состојбите во другите области, како здравството, пазарот на трудот, родовата застапеност во одлучувачките тела и друго. Важноста на статистичките податоци е од огромно значење за креирањето соодветни политики и на локално ниво, па оттаму, општинските претставници беа поттикнати да посветат посебно внимание на создавањето разновидни бази на податоци, а особено во областа на родовите разделени податоци. Беа информирани дека во таа насока, како алатка за родово разделени податоци може да ја користат е-платформата на ЗЕЛС www.rob.zels.org.mk која има посебен дел за родова статистика, а секоја од општините има назначено лице кое треба да ги внесува општинските податоци по одредени категории. Овој начин на директна менторска соработка се покажува како добра практика во јакнењето на општинските капацитети и ЗЕЛС ќе се залага за нејзина сѐ почеста примена.

punës dhe detyrave të punës. Vërejtje u bënë edhe në lidhje me nevojën për përcaktimin e numrit të vendeve të punës për zyrtarët e kabinetit në njësitë e vetëqeverisjes lokale dhe Qytetit të Shkupit, pozitat e të cilëve zgjidhen me zgjedhje të drejtpërdrejta (kabineti i kryetarit të komunës). Vërejtje ka pasur edhe në sferën e procedurave të punësimit dhe pjesëmarrjes në komisione, si dhe në fushën e vlerësimit të administratës komunale. Propozimet i referoheshin sigurimit të decentralizimit më të madh, respektivisht sigurimit të vendimmarrjes së pavarur të komunave dhe Këshillit lidhur me përcaktimin e vendimeve për rritjen e pagave prej 10 % deri më 30% varësisht buxhetit dhe numrit të përgjithshëm të administratës, veçanërisht për ato pozita ku komuna nuk mund të gjejë kuadër në tregun e punës lokal. Pas vërejtjeve të pranuara nga komunat, Propozim-Ligji për nëpunësit adminitrativë do të jetë në rend dite edhe në seancën e Bordit drejtues të BNJVL-së.

## ПОСВЕТЕНОСТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА Е ЗНАЧАЈНА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА - НАГЛАСЕНО НА МЕЃУНАРОДНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА „КРЕИРАЈ ГО ТВОЕТО МЕСТО ЗА РАСТЕЊЕ“

Претставници од општинската администрација и поголем број деца од училиштата во општините: Кисела Вода, Виница, Гостивар, Велес и Дебар, како и претставници од граѓанскиот сектор во овие локални самоуправи, учествуваа на Меѓународната конференција „Креирај го твоето место за растење“ што се одржа во Скопје, на 25 октомври 2023 година. Конференцијата е дел од предвидените активности на проектот „Место за растење“, што се реализира со поддршка на овие пет општини во организација на Центарот за семејно и детско згрижување - КМОП Скопје и Првата детска амбасада „Меѓаши“. Проектот е финансиски поддржан од Европската Унија и има цел да ги зајакне напорите на локалните власти за унапредување на правата на децата и нивното учество во креирањето на политики на локално ниво преку поддршка на партнерските општини за развивање на локални стратешки документи за правата на децата и младите на возраст од 3 до 18 години; поддршка и зајакнување на децата и младите за вклучување во креирање на политиките, како и унапредување на капацитетите на одговорните лица од општините, училиштата и градинките, за обезбедување на соодветна поддршка за потребите на децата.

Во воведното обраќање на Мари-Мадлин Канелопулу, раководителка на сектор во Делегацијата на ЕУ во нашата земја, беше нагласено дека темите за правата се високо на агендата на ЕУ, а во обраќањето на претставничката на УНИЦЕФ, Патриција ди Џовани, беше нагласено дека УНИЦЕФ и преку програмата „Градови погодни за деца“ се залага секое дете да има пристап до образование, социјални услуги, да има каде да игра и учи, да живее во средина со чист воздух и вода и да ги поттикне за нивниот глас да биде значаен во заедницата. Присутните ја нагласија потребата за: обезбедување на поголем број предучилишни установи во нашата земја, особено во руралните средини;

## PËRKUSHTIMI I VETËQEVERISJES LOKALE ËSHTË I RËNDËSISHËM PËR AVANCIMIN E TË DREJTAVE TË FËMIJËVE – U THEKSUA NË KONFERENCËN NDËRKOMBËTARE ,,KRIJO VENDIN TËND KU DO TË RRITESH”

Përfaqësuesit e administratës komunale dhe një numër i madh i fëmijëve nga shkollat në komunat Vinica, Dibra, Gostivari, Velesi dhe Kisella Voda, si dhe përfaqësuesit e sektorit civil në këto vetëqeverisje lokale, morën pjesë në konferencën ndërkombëtare ,,Krijo vendin tënd ku do të rritesh” që u mbajt në Shkup më 25 tetor, 2023. Konferenca është pjesë e aktiviteteve të parashikuara të projektit ,,Vendi për t'u rritur” që u realizua me përkrahjen e këtyre pesë komunave në organizim të Qendrës për kujdes të familjes dhe fëmijëve Ambasada e parë e fëmijë në botë ,,Megjashi”. Projekti përkrahet financiarisht nga Bashkimi Evropian dhe ka për qëllim t'i përforcojë përpjekjet e pushteteve lokale lidhur me avancimin e të drejtave të fëmijëve dhe pjesëmarrjen e tyre në krijimin e politikave në nivel lokal përmes përkrahjes së komunave partnerike për zhvillimin e dokumenteve strategjike lokale për të drejtat e fëmijëve dhe të rinjve të grup-moshës 3 deri më 18 vjet; përkrahja dhe përforcimi i fëmijëve dhe të rinjve për përfshirjen në krijimin e politikave, si dhe avancimi i kapaciteteve të personave përgjegjës nga komunat, shkollat dhe çerdhet, për sigurimin e përkrahjes adekuate lidhur me nevojat e fëmijëve.

Në fjalimin hyrës të Marie-Madeleine Kanellopoulou, shefe e departamentit në Delegacionin e BE-së në vendin tonë, u theksua se temat e të drejtave janë të larta në agjendën e BE-së dhe në fjalimin e përfaqësueses së UNICEF-it, Patricia di Giovanni, u theksoi se UNICEF-i dhe përmes programit “Qytetet miqësore për fëmijët", mbron që çdo fëmijë të ketë qasje në arsim, shërbime sociale, një vend për të luajtur dhe mësuar, për të jetuar në një mjedis me ajër dhe ujë të pastër dhe për t'i fuqizuar ata në mënyrë që zëri i tyre është i rëndësishëm në komunitet. Të pranishmit theksuan nevojën për: sigurimin e një numri më të madh të institucioneve parashkollore në vendin tonë, veçanërisht në zonat rurale;

поголем опфат на децата во градинките и центрите за ран детски развој; поддршка на младите поактивно да се вклучат во креирањето на локални политики за нивните потреби и обезбедување на средства во општинските буџети за нивна соодветна реализација.

**Иницијативата за сертифицирање на програмата „Градови погодни за децата“ се спроведува во повеќе од 40 земји**

Присутните на оваа конференција имаа можност да слушнат добри искуства од претставниците од УНИЦЕФ од Атина (Грција) и од УНИЦЕФ од Виена (Австрија). Тие ги презентираа искуствата поврзани со програмата „Градови погодни за децата“ за обезбедената поддршка на заедниците, општините и градовите, во насока на креирање на политики и мерки посветени на децата и семејствата. Иницијативата и процесот на сертифицирање за „Градови погодни за децата“ се спроведува во повеќе од 40 земји. Рамката за овој сертификат вклучува неколку клучни столба како: учество на децата и политики наменети за децата; безбедна и чиста животна средина; можност за игра и рекреација; пристап до квалитетна рана грижа за децата; образовни услуги; заштита од насилство, злоупотреба и запоставување и пристап до здравствена грижа и исхрана.

**Општините да се посветат кон градење на политики за поддршка на потребите и на децата од помала возраст - еден од заклучоците од конференцијата**

Дел од претставниците од општините посочија дека постојат одредени формални механизми, односно имаат воспоставено детски парламенти, детски совети и ученички заедници. Исто така постојат и одредени примери на консултирање на децата и нивно вклучување во донесувањето одлуки, особено преку спроведување на анкети меѓу учениците, но тоа повеќе ги опфаќа повозрасните групи деца и млади. Присутните нагласија дека е потребно локалните самоуправи да посветат внимание на градење политики за поддршка и на децата од помала возраст (односно веќе од тригодишна возраст) преку активности за унапредувањето на нивните знаења, воспоставувањето ефикасна комуникација со родителите и поттикнувањето на социоемоционален развој. Справувањето со врсничкото насилство, уште од најрана возраст (физичко, вербално, психичко, социјалното и сајбер насилството) треба да биде дел од политиките на локалната власт за навремено „пресретнување“ со овој вид насилство.

Се дискутираше и за потребата од надминување на идентификувани разлики во нивото на познавање на детските права, воведување на алатките за поттикнување на детското учество, негување на концептот на градови посветени на децата, вклучување на децата и младите во политиките на локално ниво, како и за потребата за подобрување на знаењата и вештините на претставниците на локалните власти и на професионалците од воспитно-образовните институции во општините. Како дел од заклучоците од конференцијата беше дека улогата на локалната власт е многу значајна во за јакнење на свеста кај родителите, наставниот кадар и граѓаните за правилен развој на децата и за создавање на услови за континуирано унапредување на правата на децата и нивно учество во планирањето на сите сегменти од општественото живеење.

mbulim më i madh i fëmijëve në kopshte dhe qendra për zhvillimin e fëmijërisë së hershme; përkrahja e të rinjve që të përfshihen më aktivisht në krijimin e politikave lokale për nevojat e tyre dhe sigurimin e fondeve në buxhetet komunale për zbatimin e duhur të tyre.

**Iniciativa për certifikimin e programit „Qytete të përshtatshme për fëmijët” realizohet në më shumë se 40 vende**

Të pranishmit në këtë konferencë patën mundësinë të dëgjojnë përvoja të mira nga përfaqësues të UNICEF nga Athina (Greqi) dhe UNICEF nga Vjena (Austri). Ata prezantuan eksperiencat në lidhje me programin “Qytetet e përshtatshme për fëmijët” për mbështetjen e ofruar për bashkësitë, komunat dhe qytetet, në drejtim të krijimit të politikave dhe masave kushtuar fëmijëve dhe familjeve. Iniciativa dhe procesi i certifikimit „Qytetet e përshtatshme për fëmijët” realizohet në më shumë se 40 vende. Kuadri për këtë certifikatë përfshin disa shtylla kyçe si: pjesëmarrja e fëmijëve dhe politikat që synojnë fëmijët; mjedis i sigurt dhe i pastër; mundësi për lojë dhe rekreacion; qasje në kujdesin e hershëm cilësor të fëmijëve; shërbime arsimore; mbrojtje nga dhuna, abuzimi dhe neglizhenca dhe qasja në kujdesin shëndetësor dhe ushqimin.

**Komunat t’i përkushtohen ndërtimit të politikave lidhur me përkrahjen e nevojave edhe të fëmijëve nga mosha jomadhore – një ndër konkluzionet e konferencës**

Disa nga përfaqësuesit e komunave theksuan se ekzistojnë mekanizma të caktuar formal, gjegjësisht kanë themeluar parlamentet e fëmijëve, këshillat e fëmijëve dhe bashkësitë studentore. Ekzistojnë gjithashtu shembuj të caktuar të konsultimit me fëmijët dhe përfshirjes së tyre në vendimmarrje, veçanërisht nëpërmjet realizimit të anketave mes studentëve, por kjo më së shumti mbulon grupet më të mëdha të fëmijëve dhe të rinjve. Të pranishmit theksuan se është e nevojshme që pushtetet lokale t'i përkushtojnë vëmendje ndërtimit të politikave për të mbështetur fëmijët nga mosha më e vogël (d.m.th., nga mosha tre vjeç) përmes aktiviteteve për përmirësimin e njohurive të tyre, vendosjen e komunikimit efektiv me prindërit dhe inkurajimin e zhvillimit socio-emocional. Ballafaqimi me dhunën e bashkëmoshatarëve, që në moshën më të vogël (dhuna fizike, verbale, psikologjike, sociale dhe kibernetike) duhet të jetë pjesë e politikave të pushtetit lokal për “përgjimin” në kohë të kësaj lloj dhune.

Gjithashtu u diskutua për nevojën për të kapërcyer dallimet e identifikuara në nivelin e njohurive për të drejtat e fëmijëve, prezantimin e mjeteve për inkurajimin e pjesëmarrjes së fëmijëve, edukimin e konceptit të qyteteve kushtuar fëmijëve, përfshirjen e fëmijëve dhe të rinjve në politikat në nivel lokal, si dhe për nevojën e përmirësimit të njohurive dhe aftësive të përfaqësuesve të pushtetit lokal dhe profesionistëve nga institucionet arsimore në komunë. Si pjesë e konkluzioneve nga konferenca ishte se roli i pushtetit lokal është tejet i rëndësishëm në përforcimin e vetëdijes te prindërit, kuadri mësimor dhe qytetarët për një zhvillim të mirëfilltë të fëmijëve dhe për krijimin e kushteve për avancim të vazhdueshëm të të drejtave të fëmijëve dhe pjesëmarrjen e tyre në planifikimin e të gjitha segmenteve nga jeta shoqërore.

# УСВОЕНИ ПРЕДЛОГ- УРЕДБИТЕ ЗА БЛОК ДОТАЦИИ ЗА ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОПШТИНИТЕ, ЗА 2024 ГОДИНА

Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините, на 26 октомври 2023 година, во просториите на административната зграда на ЗЕЛС, ја одржа 50-тата седница. Присутните членови на ова тело дискутираа за предлог-уредбите за методологиите за утврдување на критериуми за распределба на средствата од блок дотациите за основното и за средното образование, за 2024 година, што ги добиваат општините за спроведување на овие надлежности. Беше нагласено дека и покрај тоа што во минатиот период се дискутираше по предлогот за утврдување на нова методологија за распределба на блок дотациите во основното образование, сепак, за следната година останува да се спроведува пресметката според истата методологија што се користеше во изминатата и во претходните години. Тоа значи дека и понатаму висината на финансиските средства општината ќе ги добива главно според бројот на ученици, како и со утврдување на коефициентите за густината на населеност, за предметната настава и за децата со посебни потреби. Утврдувањето на стандардот по ученик, односно определувањето на висината на трошокот по ученик во основното образование, на која се темелеше новиот предлог за распределба на средствата за основно образование, се одложува за следниот период. Беше посочено дека средствата за спроведување на оваа надлежност за следната година се зголемени, а главно покачувањето се однесува на процентуалното зголемување на платите на наставниците, што го утврди Владата на РСМ.

### И во образованието децентрализацијата е фиктивна - нагласија градоначалниците, членови на Комисијата

Претставниците од Министерството за финансии уште еднаш нагласија дека има поголем број општини кои не ги искористуваат во целост средствата од блок дотациите. Во согласност со уредбите, доколку општината до крајот на фискалната година, односно, најдоцна до 31 декември во тековната година, не ги искористи овие средства, тие се повлекуваат и се враќаат во буџетот на државата. Претставниците од локалната власт, членови на Комисијата, повторно реагираа на нецелисходноста на овој член од Уредбата, посочувајќи дека е

# U MIRATUAN PROPOZIM-RREGULLORET PËR BLLOK DOTACIONET PËR ARSIMIN FILLOR DHE TË MESËM PËR KOMUNAT, PËR VITIN 2024

Komisioni për ndjekjen e zhvillimit të sistemit për financim të komunave, më 26 tetor 2023, në hapësirat e ndërtesës administrative të BNJVL-së, mbajti seancën e 50-të. Anëtarët e pranishëm të këtij organi diskutuan propozim-rregulloret për metodologjitë për përcaktimin e kritereve lidhur me shpërndarjen e mjeteve nga bllok-dotacionet për arsimin fillor dhe të mesëm, për vitin 2024, të cilat i marrin komunat lidhur me zbatimin e këtyre kompetencave. U theksua se pavarësisht se në periudhën e kaluar është diskutuar propozimi për përcaktimin e një metodologjie të re për shpërndarjen e bllok dotacioneve në arsimin fillor, megjithatë, për vitin e ardhshëm llogaritja mbetet të bëhet sipas të njëjtës metodologji që është përdorur në të kaluarën dhe në vitet e mëparshme. Kjo do të thotë se në të ardhmen shuma e mjeteve financiare do të merret nga komuna kryesisht sipas numrit të nxënësve, si dhe me përcaktimin e koeficientëve për dendësinë e popullsisë, për mësimin lëndor dhe për fëmijët me nevoja të veçanta. Përcaktimi i standardit për nxënës, përkatësisht përcaktimi i lartësisë së shpenzimit për nxënës në arsimin fillor, mbi të cilin është bazuar propozimi i ri për ndarjen e mjeteve për arsimin fillor, shtyhet për periudhën e ardhshme. U theksua se mjetet për zbatimin e kësaj kompetence për vitin e ardhshëm janë rritur, ndërsa rritja kryesisht i referohet rritjes në përqindje të pagave të mësimdhënësve, e cila është përcaktuar nga Qeveria e RMV-së.

### Edhe në arsim decentralizimi është fiktiv – theksuan kryetarët e komunave, anëtarë të komisionit

Përfaqësuesit e Ministrisë për financa edhe një herë theksuan se ka numër më të madh të komunave të cilat nuk i shfrytëzojnë në tërësi mjetet e bllok dotacioneve. Konform rregulloreve, përderisa komuna deri në fund të vitit fiskal, respektivisht deri më 31 dhjetor të vitit aktual, nuk i shfrytëzon këto mjete, të njëjtat tërhiqen dhe i kthehen buxhetit të shtetit. Për mospërshtatshmërinë e këtij neni të Rregullores kanë reaguar sërish përfaqësues nga pushteti lokal, anëtarë të Komisionit, duke theksuar se është e nevojshme korrigjimi i domosdoshëm



неопходна негова корекција, односно тие средства да им останат на општините за да ги користат и следната година. Притоа беше нагласена и потребата да не се оптоварува општината со бројни ограничувања во управувањето со овие средства, особено при распределбата на наставниот кадар и обврската за добивање на разни согласности од МОН. Ова е од особена важност, бидејќи, како што кажаа присутните градоначалници, се зголемува трендот на одлив на наставен кадар, има постојан недостаток на наставници од областа на природните науки, а спротивно на ова, поради честите промени во наставните програми се зголемува бројот на одредени предметни наставници кои работат со намален број на часови. Сето ова доведува до одредена конфузија во училиштата, особено што во најголемиот број општини бројот на деца е во константно опаѓање. Обезбедувањето на поголема самостојност во управувањето со средствата, според градоначалниците, ќе обезбеди соодветно рационализирање и на наставниот кадар во насока на негова поголема ефикасност и заштеда на средствата. Посебно беше потенцирана и бавната и обемна постапка за добивање на согласност при ново вработување на наставници и кога е потребно да се замени одреден наставник кој е отсутен подолг период. Сето ова укажува дека децентрализацијата и во областа на образованието е повеќе формална отколку вистинска. Стана збор и за големите трошоци што ги имаат општините за превоз на учениците, што е сериозен предизвик за секоја општина. Па така, на овој состанок беше потенцирано дека е потребно да се отвори заеднички дијалог со централната власт и да се изнајде начин за усогласување на цената за превоз на учениците, на национално ниво. Тоа донекаде ќе обезбеди заштита на општините од екстремно високите понуди на учесниците во тендерските постапки за реализација на превозот.

**Средствата за образование не се утврдуваат според вистинските трошоци по ученик, туку според одобрените средства од буџетот**

Предлог-уредбата за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средното образование по општини за 2024 година, исто така, останува иста како и во претходната година. Со оваа уредба висината на основната сума и стандардот по ученик се определува во зависност на одобрените средства за оваа намена во буџетот и бројот на запишани ученици во учебната година. Тоа значи дека не се тргнува од вистинските трошоци што се потребни за спроведување на оваа надлежност, туку од расположливите буџетски средства и е главна причина за незадоволството на локалните власти и постојаното укажување дека блок дотациите за оваа намена треба значително да се зголемат. По усвојувањето на двете уредби, на крајот од состанокот беше презентиран и Годишниот извештај за приходите и расходите на општините за 2022 година од страна професор д-р Марина Трпевска од Економскиот факултет во Скопје.

i të njëjtës, pra ato mjete duhet t'u mbeten komunave për t'i shfrytëzuar edhe vitin e ardhshëm. Gjithashtu u theksua nevoja për të mos e ngarkuar komunën me kufizime të shumta në menaxhimin e këtyre fondeve, veçanërisht në shpërndarjen e kuadrit mësimor dhe detyrimin për marrjen e pëlqimeve të ndryshme nga Ministria për Arsim dhe Shkencë. Kjo është e një rëndësie të veçantë, sepse, siç thanë kryetarët e tanishëm, trendi i largimit të kuadrit mësimdhënës është në rritje, ka mungesë të vazhdueshme të mësimdhënësve në fushën e shkencave të natyrës ndërsa përkundër të kësaj, për shkak të ndryshimeve të shpeshta në programet mësimore, numri i mësuesve të lëndëve të caktuara që punojnë me numër të reduktuar të klasave. E gjithë kjo sjell një konfuzion të caktuar në shkolla, aq më tepër që në shumicën e komunave numri i fëmijëve është vazhdimisht në rënie. Sigurimi i pavarësisë më të madhe në menaxhimin e mjeteve, sipas kryetarëve të komunave, do të sigurojë racionalizimin adekuat të kuadrit mësimor në drejtim të efikasitetit më të madh të tij dhe kursimit të mjeteve. Veçanërisht u theksua procedura e ngadaltë dhe e gjerë për marrjen e pëlqimit për punësimin e ri të mësimdhënësve dhe kur është e nevojshme të zëvendësohet një mësimdhënës i caktuar që ka munguar për një kohë të gjatë. E tërë e lartpërmendura tregon se decentralizimi edhe në fushën e arsimit është më shumë formal sesa real. Bëhej fjalë edhe për shpenzime më të mëdha që kanë komunat për transportin e nxënësve, që është një sfidë serioze për çdo komunë. Pra, në këtë takim u theksua se është e nevojshme hapja e një dialogu të përbashkët me pushtetin qendror dhe gjetja e rrugës për harmonizimin e çmimit të transportit të nxënësve, në nivel nacional. Kjo deri diku do të sigurojë mbrojtjen e komunave nga ofertat jashtëzakonisht të larta të pjesëmarrësve në procedurat e tenderit për realizimin e transportit.

**Mjetet për arsim nuk përcaktohen sipas shpenzimeve reale për nxënës, por sipas mjeteve të miratuara nga buxhet**

Propozim-Rregullorja për Metodologjinë për përcaktimin e kritereve për shpërndarjen e bllok-dotacioneve për arsim të mesëm nëpër komuna për vitin 2024, gjithashtu ngelet e njëjtë edhe në vitin e kaluar. Me këtë rregullore lartësia e shumës bazë dhe standardit për nxënës, përcaktohet konform mjeteve të miratuara për këtë dedikim në buxhet dhe numrit të nxënësve të regjistruar në vitin shkollor. Kjo do të thotë se nuk niset nga shpenzimi real që është i nevojshëm për zbatimin e kësaj kompetence, por nga mjetet e disponueshme buxhetore dhe është arsyeja kryesore për moskënaqjen e pushteteve lokale dhe referimin se bllok dotacionet për këtë dedikim duhet të rriten ndjeshëm. Pas miratimit të të dyja rregulloreve në fjalë, në fund të mbledhjes u prezantua edhe Raporti vjetor për të hyrat dhe shpenzimet e komunave për vitin 2022 nga ana e prof. dr. Marina Tërpevska nga Fakulteti ekonomik në Shkup.








## СРЕДБА НА ИЗВРШНИТЕ ДИРЕКТОРИ НА АСОЦИЈАЦИИТЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И НА КРАЛСТВОТО ШВЕДСКА ВО СТОКХОЛМ

Извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, се сретна со извршниот директор на Шведската асоцијација на локални власти и региони (САЛАР), Пале Лундберг (Palle Lundberg) во рамките на студиската посета што беше организирана во периодот од 24 до 27 октомври 2023 година во Стокхолм, (Кралство Шведска). Тие разговараа за начинот на организирањето на двете асоцијации, нивната улога и услугите што им ги даваат на своите членки, за изворите на нивното финансирање, како и за надлежностите што ги имаат општините и регионите во Шведска и во нашата земја.

Извршниот директор на САЛАР, Пале Лундберг, нагласи дека членството во нивната Асоцијација е на доброволна основа, но дека сите 290 општини и 21 регион изразиле волја и се активни членки на САЛАР. Улогата на САЛАР е да лобира за подобрување на законските услови за спроведување на надлежностите на локалните и на регионалните власти за обезбедување на квалитетни услуги за граѓаните, но исто така голем дел од своето работење го посветува и на обезбедување на квалитетни административни капацитети на овие власти и заложба за заштита и унапредување на нивните права. Директорот Лундберг говореше за организациската поставеност на САЛАР, односно посочи дека Конгресот е највисокото тело на САЛАР (составен од претставници избрани на локални избори) кој се состанува најмногу до два пати во текот на четири години. Пооперативно тело на САЛАР е Одборот, составен од 21 член (и исто толку заменици), со кои се среќава еднаш во месецот, а најголема соработка, нагласи извршниот директор, има со Извршниот комитет, кој брои седум члена (и исто толку заменици) и со нив има чести средби, најмалку еднаш во неделата. Организацијата има и три дополнителни тела (делегации): за ревизија, за здравствена заштита и за преговори, како и девет комисии со повеќе од 250 членови кои се политичари, а се утврдени според области соодветни со надлежностите на општините и на регионите (за култура; за демократија; за образование; е-општество; регионален развој; за активности со Европската Унија; за планирање и развој на заедницата; за примарна здравствена заштита и грижа за стари лица и за социјална политика).

Во однос на финансирањето на САЛАР, извршниот директор, Пале Лундберг, нагласи дека финансиските извори се раз-

## NË STOKHOLM U REALIZUA TAKIM I DREJTORËVE EKZEKUTIVË TË ASOCIACIONEVE TË PUSHTETEVE LOKALE TË MAQEDONISË SË VERIUT DHE TË MBRETËRISË SË SUEDISË

Drejtori ekzekutiv i BNJVL-së, Dushica Perishiq u takua me drejtorin ekzekutiv të Asociacionit të Suedisë të pushteteve lokale dhe rajonale (SALAR) Palle Lundberg, në kuadër të vizitës studimore që u organizua prej 24 deri 27 tetor, 2023, në Stokholm (Mbretëria e Suedisë). Ata diskutuan mbi mënyrën e organizimit të të dyja asociacioneve, rolin e tyre dhe shërbimet që u'a japin anëtareve të saj, për burimet e financimit të tyre, si dhe për kompetencat që i kanë komunat dhe rajonet në Suedi dhe në vendin tonë.

Drejtori ekzekutiv i SALAR, Palle Lundberg, theksoi se anëtarësia në Asociacionin e tyre është në bazë vullnetare, por se të gjitha 290 komunat dhe 21 rajonet, kanë shfaqur vullnetin e tyre dhe janë anëtare aktive të SALAR. Roli i SALAR është lobimi për përmirësimin e kushteve ligjore lidhur me zbatimin e kompetencave të pushteteve lokale dhe rajonale për sigurimin e shërbimeve më cilësore për qytetarët, por gjithashtu ai një pjesë të madhe të punës së tij i'a përkushton sigurimit të kapaciteteve administrative cilësore të pushteteve në fjalë dhe angazhimit për mbrojtjen dhe promovimin e të drejtave të tyre. Drejtori Lundberg foli për strukturën organizative të SALAR, gjegjësisht theksoi se Kongresi është organi më i lartë i SALAR (i përbërë nga përfaqësues të zgjedhur në zgjedhjet lokale) i cili mblidhet deri në dy herë gjatë katër viteve. Organ më operativ i SALAR është Bordi i përbërë nga 21 anëtarë (po aq edhe deputetë), me të cilët takohet një herë në muaj dhe drejtori ekzekutiv theksoi se bashkëpunimin më të madh e ka me Komitetin Ekzekutiv, i cili ka shtatë. anëtarët (dhe po aq deputetë) dhe me ta ka takime të shpeshta, të paktën një herë në javë. Organizata ka edhe tre organe plotësuese (delegacione): për auditim, për kujdesin shëndetësor dhe për negociata, si dhe nëntë komisione me më shumë se 250 anëtarë të cilët janë politikanë, dhe përcaktohen sipas fushave që korrespondojnë me kompetencat e komunave dhe rajoneve. për kulturën; për demokracinë; për arsimin; shoqërinë elektronike; zhvillimin rajonal; për aktivitetet me Bashkimin Evropian; për planifikimin dhe zhvillimin e bashkësisë; për kujdesin shëndetësor parësor dhe kujdesin për të moshuarit dhe për politikat sociale).

Sa i përket financimit të SALAR, drejtori ekzekutiv, Pale Lundberg, theksoi se burimet financiare janë të ndryshme, por

лични, но најголемиот дел се средства што како одреден процент ги земаат од даноците што ги добиваат општините и регионите од своето население. Поточно, во 2022 година, од секој шведски граѓанин САЛАР добила 51 шведска круна. Шведска има вкупно население од околу 10,4 милиони (2020). Целокупниот буџет на САЛАР за 2022 година изнесувал 531 милион шведски круни, каде се вклучени и други финансиски извори, меѓу кои: приходи од курсеви и конференции, публикации, надоместоци за консултантски услуги; од проекти за кои добива значителна финансиска поддршка од Владата на Кралството Шведска, како и од други извори на финансирање. САЛАР има седум свои организации (фирми-ќерки), а една од нив е САЛАР Интернешенал, која во нашата земја започна со имплементација на четиригодишниот проект „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“ во шест општини од Југозападниот и Пелагонискиот Регион (Битола, Прилеп, Новаци, Охрид, Кичево и Пласница).

Извршната директорка на ЗЕЛС нагласи дека постојат големи сличности во улогата, но и во организациската поставеност на ЗЕЛС и на САЛАР, со значително помалубројна администрација и финансиски средства за работење на нашата асоцијација, но дека и на двете организации главната цел им е лобирање за интересите на локалните власти и поддршка во јакнењето на капацитетите на општинската администрација. Притоа Перишиќ нагласи дека ЗЕЛС ќе даде целосна поддршка за реализација на проектот што САЛАР Интернешенал го спроведува во нашата земја, во шесте општини, но дека соработката може да се продлабочи и на други полиња од надлежност на општините. Притоа таа говореше за електронските услуги што општините во нашата земја им ги даваат на граѓаните, во областа издавање дозвола за градење, управување со градежното неизградено земјиште и продажбата на движни и недвижни ствари во сопственост на локалната власт, а кои во името на општините ги одржува ЗЕЛС. Притоа Перишиќ ја потенцираше повеќегодишната заложба на ЗЕЛС за обезбедување на електронски систем за спроведување на целиот процес на плаќање данок на имот во нашата земја. На крајот од разговорот и двајцата извршни директори изразија желба за продлабочување на заемната соработка, при што Перишиќ го покани директорот на САЛАР да ја посети нашата земја, односно да ја посети ЗЕЛС.

**Делегацијата оствари средба со високи политички претставници на САЛАР и со претседателот на Советот на градот Стокхолм**

Во рамките на оваа посета, делегацијата од нашата земја оствари средба и со политички претставници, членови на организациските тела на САЛАР, односно со првиот потпретседател на САЛАР, градоначалник на Општина Томелила, Леиф Сандберг, (Leif Sandberg) и со Карола Гунарсон (Carola Gunnarsson) заменик- претседател на Обединети градови на локалната самоуправа (UCLG), портпарол на САЛАР за активности во Советот на европски општини и региони (CEMR), поранешна прва потпретседателка на САЛАР, градоначалник на Општина Сала. Исто така, делегацијата оствари средба и со претседателот на Советот на градот Стокхолм, Оле Бурел (Olle Burrel) кој говореше за предизвиците со кои се соочува градот во испорака на услугите за своите граѓани, како и за организациската поставеност и изворите на финансирање на градот. На ова средба беше презентиран и целокупниот систем за вода и отпад на Стокхолм.

Во текот на четиридневната посета, делегацијата од нашата земја имаше можност да ја посети постојката за производство на биогас од органски отпад, што се наоѓа во Упсала, од каде што со овој енергенс се снабдува дел од јавниот автобуски превоз на

shumica janë mjete që merren në përqindje të caktuar nga taksat që komunat dhe qarqet marrin nga popullsia e tyre. Më konkretisht, në vitin 2022, SALAR ka marrë 51 krona suedeze nga çdo shtetas suedez. Suedia ka një popullsi totale prej rreth 10.4 milion (2020). Buxheti i përgjithshëm i SALAR për vitin 2022 ishte 531 milionë krona suedeze, i cili përfshin burime të tjera financiare, duke përfshirë: të ardhurat nga kurset dhe konferencat, publikimet, tarifat për shërbimet e konsulencës; nga projektet për të cilat merr mbështetje të konsiderueshme financiare nga Qeveria e Mbretërisë së Suedisë si dhe nga burime të tjera financimi. SALAR ka shtatë organizata të veta (kompani filiale), njëra prej të cilave është SALAR International, e cila në vendin tonë ka filluar zbatimin e projektit katërvjeçar "Menaxhimi i qëndrueshëm i mbeturinave në nivel lokal" në gjashtë komuna nga Rajoni Jugperëndimor dhe Rajoni i Pellagonisë (Manastiri, Prilepi, Novaci, Ohri, Kërçova dhe Plasnica).

Drejtori ekzekutiv i BNJVL-së theksoi se ka ngjashmëri të mëdha në rolin, por edhe në strukturën organizative të BNJVL-së dhe SALAR, me administratë dukshëm më të vogël dhe mjete financiare për funksionimin e asociacionit tonë, por se qëllimi kryesor i të dyja organizatave është lobimi për interesat e pushteteve lokale dhe mbështetje në përforcimin e kapaciteteve të administratës komunale. Me këtë, Perishiq theksoi se BNJVL do të ofrojë mbështetje të plotë për realizimin e Projektit që SALAR International po e realizon në vendin tonë, në gjashtë komunat, por se bashkëpunimi mund të thellohet edhe në fusha të tjera të kompetencës së komunave. Më pas, ajo diskutoi edhe lidhur me shërbimet elektronike që komunat në vendin tonë ofrojnë për qytetarët, në fushën e lejeve të ndërtimit, menaxhimit të tokës ndërtimore të pandërtuar dhe shitjen e sendeve të tundshme dhe të patundshme në pronësi të pushtetit lokal, ndërsa të cilat në në emër të komunave i udhëheq BNJVL. Në të njëjtën kohë, Perishiq theksoi përkushtimin shumëvjeçar të BNJVL-së për sigurimin e sistemit elektronik për zbatimin e mbarë procesit të pagesës së tatimit në pronë në vendin tonë. Në fund të bisedës, të dy drejtorët ekzekutivë shprehën dëshirën për thellësimin e bashkëpunimit të ndërsjellë, ndërsa Perishiq e ftoi drejtorin e SALAR të vizitojë vendin tonë, përkatësisht t'a vizitojë BNJVL-në.

**Delegacioni realizoi takim me përfaqësues më të lartë të SALAR dhe me kryetarin e Këshillit të Qytetit të Stokholmit**

Në kuadër të kësaj vizite, delegacioni nga vendi jonë pati një takim me përfaqësuesit politikë, anëtarë të organeve organizative të SALAR, gjegjësisht me nënkryetarin e parë të SALAR-it, kryetarin e komunës së Tomelilës, Leif Sandberg, si dhe me Carola Gunnarsson nënkryetar i Qyteteve të Bashkuara të Vetëqeverisjes Lokale (UCLG), zëdhënës i SALAR për aktivitetet në Këshillin e Komunave dhe Rajoneve Evropiane (CEMR), ish nënkryetar i parë i SALAR, kryetar i komunës së Sala. Delegacioni gjithashtu realizoi takim edhe me kryetarin e Këshillit të Qytetit të Stokholmit, Olle Burrel, i cili foli mbi sfidat me të cilat ballafaqohet qyteti në ofrimin e shërbimeve ndaj qytetarëve, si dhe mbi strukturën organizative të qytetit dhe burimet financiare. Në këtë takim u prezantua edhe sistemi i tërësishëm i ujësjellësit dhe mbeturinave të Stokholmit.

Gjatë vizitës katërditore, delegacioni nga vendi jonë pati mundësinë të vizitojë stacionin për prodhimin e biogazit nga mbeturinat organike, i cili ndodhet në Uppsala, nga ku me këtë energjencë furnizohen një pjesë e transportit publik të autobusëve të Uppsala, kopshtet dhe shkollat ndërsa

Упсала, детските градинки и училиштата. Воедно, беше организирана и теренска посета на подрачјето каде што се започнати активности за реализација на проектот за развој на Кралското пристаниште во Стокхолм. Станува збор за одличен пример на воспоставен интегриран систем за управување со отпадот, проект за модел на одржливост, обезбедено учество на граѓаните, адаптација на климатските промени, економски развој и друго.

### Цел на студиската посета

Во студиската посета учествуваа десет претставници од нашата земја во чиј состав имаше двајца претставници од ЗЕЛС, потоа од Министерството за животна средина и просторно планирање, како и претставници од Министерството за локална самоуправа, предводени од министерот Ристо Пенов. Учесниците се запознаа со историјата на развојот на шведскиот систем за локална самоуправа; со улогата на САЛАР, особено во шведската јавна администрација и правните и финансиските принципи на организација и функционирање на здружението на локална самоуправа; со значењето на базите на податоци за креирање на политики за подобрување на општинските услуги; се говореше за поддршката што им ја дава САЛАР на општините во справување со корупцијата, при што беше посочено дека е многу ниска, но сепак се работи на тоа да биде и целосно изолирана. Од голема важност на оваа посета беше и запознавањето со активностите на Шведска и на општините и регионите во управувањето со отпадот, каде беше опфатено и значењето на родовиот аспект во планирањето на овие активности. Генерално, целта на студиската посета беше да обезбеди запознавање со клучните концепти за децентрализација и локално управување. Фокусот беше на системот на политичката, административната и фискалната децентрализација, концентрирајќи се особено на поделбата на одговорноста во и помеѓу различните нивоа на власт. Исто така, посетата беше насочена и кон создавање на појасна визија за хоризонтална соработка во децентрализираниот систем на управување на повеќе нивоа, вклучувајќи органи на централната власт и секторски министерства; потоа подигање на свеста за потребниот дијалог за одржливо управување со отпадот, неговите клучни придобивки и примената на упатствата на ЕУ во пракса, преку сеопфатен вовед во шведскиот систем за управување со отпад.

njëkohësisht është organizuar një vizitë në terren në zonën ku kanë filluar aktivitetet për realizimin e projektit për zhvillimin e Portit Mbretëror në Stokholm. Është një shembull i shkëlqyer i një sistemi të krijuar të menaxhimit të integruar të mbeturinave, një projekt modeli i qëndrueshmërisë, pjesëmarrjes së siguruar të qytetarëve, përshtatjes ndaj ndryshimeve klimatike, zhvillimit ekonomik dhe më shumë.

### Qëllimi i vizitës studimore

Në vizitën studimore morën pjesë dhjetë përfaqësues nga vendi jonë, dy përfaqësues nga BNJVL, pastaj nga Ministria për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor, si dhe përfaqësues nga Ministria për vetëqeverisje lokale, të udhëhequr nga ministri Risto Penov. Pjesëmarrësit u njohën me historinë e zhvillimit të sistemit suedez të vetëqeverisjes lokale; me rolin e SALAR, veçanërisht në administratën publike suedeze dhe parimet ligjore dhe financiare të organizimit dhe funksionimit të asociacionit të vetëqeverisjes lokale; me rëndësinë e bazave të të dhënave për krijimin e politikave për përmirësimin e shërbimeve komunale; u fol për mbështetjen që SALAR u jep komunave në ballafaqimin e korrupsionit, ku u theksua se është shumë e ulët, por ende po punohet që ai të jetë plotësisht i “izoluar”. Me rëndësi të madhe në këtë vizitë ishte njohja me aktivitetet e Suedisë dhe komunave dhe rajoneve në menaxhimin e mbeturinave, ku u trajtua rëndësia e aspektit gjinor në planifikimin e këtyre aktiviteteve. Në përgjithësi, kjo vizitë studimore pati për qëllim sigurimin e identifikimit të koncepteve kyçe për decentralizimin e vetëqeverisjes lokale, të fokusuar në sistemin e decentralizimit politik, administrativ dhe fiskal, duke u koncentruar në ndarjen e përgjegjësisë por edhe ndaj krijimit të vizionit më të qartë  për bashkëpunimin horizontal në sistemin e decentralizimit të menaxhimit në më shumë nivele, duke përfshirë organet e pushtetit qendror dhe ministritë e sektorëve; pastaj ngritja e vetëdijes lidhur me dialogun e nevojshëm për menaxhim të qëndrueshëm me mbeturinat, përfitimet e tij kryesore dhe zbatimi i udhëzimeve të BE-së në praktikë, përmes inicimit gjithëpërfshirës në sistemin suedez për menaxhim me mbeturinat.










ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**

tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk